ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-364/6
09-06-2025

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по електронска пријава од непознат подносител Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 19-та седница одржана на ден 02.06.2025 година донесе

*О Д Л У К А*

Постапката по предметот со број 08-2788/1 од 28.10.2024 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-2788/1 од 28.10.2024 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 08-2788/1 од 28.10.2024 година е оформен по електронска пријава од непознат подносител во која се дадени наводи за неподнесување на Изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК од страна на лицето ______ директор на ____________ и лицето _____________ директор на _______________.

Во врска со горенаведеното Државната комисија за спречување на корупцијата изврши увид во својата електронска евиденција и констатира дека лицето _____________ е именувано на ден 22.07.2024 година и истиот во рок од 30 дена од денот на именувањето и престанокот на функцијата има поднесено Изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК.

Државната комисија за спречување на корупцијата за лицето ______ направи увид во својата електронска евиденција по што констатира дека за лицето не поседува никакви податоци.

Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до Министерството за здравство со допис заведен под Наш бр.08-364/4 од 07.04.2025 година во кој е побарано да се достави актот за именување/престанок на мандатот за лицето ___________, директор на ____________. Министерството за здравство достави одговор на нашето барање заведено со нивни бр.22-4530/2 од 25.04.2025 година во кој е наведено дека наведеното лице не било именувано за директор, односно в.д. директор на ______________

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

**Изготвил:** К.Б, Помлад соработник
**Контролирал:** м-р Н.Т-М, Раководител на одделение
**Согласен:** К.З, Раководител на сектор
**Одобрил:** м-р С.Д, член

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk